ЦЕНТАР ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје
Ул. Браќа Чакреви бр.25А, Скопје
Тел.070/234-273 и 075/216-001
e-mail:centar@yahoo.com

Бр.02-6/3
25.12.2020 година
Скопје

# ЈАВЕН ПОВИК/ОГЛАС

Се известуваат сите заинтересирани кандидати за проследување на основна обука за медијатори дека Друштвото за интелектуални услуги ЦЕНТАР ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје ќе спроведе основна обука за медијатори, според акредитирана програма за основна обука на медијатори, издадена од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата.

Согласно Измените и дополнувањето на Условите за акредитација на програми за обука на медијатори и круг на лица кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми, донесени на седницата на Одборот одржана на 14.12.2020 година, обуката ќе се спреведе на хибриден начин, односно во услови на постоење на кризна или вонредна состојба (каква што во моментов имаме со пандемијата предизвикана од Covid-19) теоретската настава од основната обука за медијатори ќе се спроведе on-line, додека практичната настава ќе се спроведе со физичко присуство на кандидатите.

Обуката ќе се одржи во Скопје во периодот од 15 до 31 јануари 2021 година (конкретно на датумите 15,16,17,19,20,21,23,24,26,27,30 и 31 јануари 2021 год.).

Основната обука за медијатори ќе биде реализирана според акредитирана програма за овој вид на обуки што е предуслов за полагање на испитот за медијатори за стекнување на лиценца за вршење медијаторски работи.

Делот на обуката со физичко присуство ќе биде организирана и согласно Протоколот за организација на работни состаноци, обуки, курсеви и семинари, донесен од страна на Владата на РС Македонија во услови на работење предизвикано од ковид-кризата.

ЦЕНТАРОТ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје, предавањата со физичко присуство на основната обука на медијатори **ќе ги реализира во Хотел Александар 2, ул. Васил Главинов бр.3, Центар, Скопје** по однапред утврден распоред на часови за изведување на теоретската и практична настава. Предавањата се поделени во теоретска и практична настава во времетраење од 70 часа согласно член 47 став 1 т.б од Законот за медијација. Практичната настава ќе биде одржана со физичко присуство.

Со измените во Законот за парнична постапка од јули 2015 година се воведе задолжителен обид за решавање на стопанските спорови кои се однесуваат на парични побарувања до 1.000.000 денари за кои е пропишано да се решаваат со поднесување на тужба пред надлежен суд. Оттука, освен поради промените во Законот за парнична постапка каде државата на тој начин дава поддршка и сака да ги растерети судовите а со тоа и да ги намали трошоците на компаниите во решавање на нивните спорови, медијацијата и поради карактеристиките кои ги има како брза, ефикасна и економична постапка, станува поатрактивна алатка за решавање на стопанските спорови и се проширува дијапазонот на работа на заинтересираните учесници во економијата кои сакаат преку полагање на испитот и исполнување на одредени критериуми пропишани во Законот за медијација и во Условите од Одборот, да вршат медијаторски работи. Медијацијата е се позастапена не само кај стопанските спорови кај кои постои законскиот задолжителен обид погоре наведен, туку од година во година е зголемен бројот на заинтересираните и правни и физички лица, своите спорови, кои се медијабилни, да ги решаваат по пат и со поддршка на овој начин на алтернативно решавање на споровите.